РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СРЕДНО ЕКОНОМСКО И ПРАВНО УЧИЛИШТЕ - SHKOLLA E MESME EKONOMIKE DHE JURIDIKE
НА ГРАД СКОПЈЕ "АРСЕНИ ЈОВКОВ" - E QYTETIT TË SHKUPIT "ARSENI JOVKOV"
Бр.Nr. 03-1455/1
17.11 2021 год.viti
СКОПЈЕ-SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Бр.-Nr. 03-1241/1
23.11.2021 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 8 став 1 и член 9 став 1 точка 16 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и член 14, член 15, член 16 и член 17 од Закон за стручно образованиеи обука (“Службен весник на Република Македонија” бр. 71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14, 145/15, 55/16, 64/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) на ден _____.11.2021 година, договорните страни:

1. **ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА, со седиште на ул:** „Павел Шатев“ бр.2, Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје, претставуван од **Главниот државен ревизор М-р Максим Ацевски**, од една страна и

2. Установа за стручно образование **Средно економско и правно училиште на Град Скопје „Арсени Јовков“ – Скопје**, со седиште на ул. „Костурска“ бб, 1000 Скопје, претставувано од **Директоротна училиштето, Марија Дренковска Стојановска**, од друга страна,

склучија :

# ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА

## ЦЕЛИИ ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е уредување на соработката помеѓу **Државен завод за ревизија** (во понатамошниот текст „ДЗР“) и Установата за стручно образование **Средно економско и правно училиште на Град Скопје „Арсени Јовков“ – Скопје** (во понатамошниот текст „Училиште“) со цел да се придонесе во развојот на стручното образование, односно даде придонес во усовршување и оспособување на учениците на локално и национално нивопреку имплементација на образовни програми во форма на практични обуки предвидени со модулот „Учење на работа кај работодавач“, кои се изведуваат во рамките на Државниот завод за ревизија.

Член 2

За целите на реализација овој Договор, под модулот „Учење на работа кај работодавач“ се подразбира спроведување на практични обуки за учениците од Училиштето во ДЗР.

За целите на реализација на овој Договор, под спроведување на практична обукаво рамките на модулот „Учење на работа кај работодавач“ се подразбира процес со кој им се овозможува на учениците непосредно да го следат и учат целокупниот процес на работа во Државниот завод за ревизија.

За целите на реализација на овој Договор, обуката на учениците ќе се спроведува со техничка поддршка и под надзор на одговорни лица назначени од Главниот државен ревизор од редот на вработените во ДЗР, кои ќе ја следат обуката и ќе дадат оценка за секој ученик дека успешно ја завршил обуката односно за извршените активности за време на обуката.

## МЕЃУСЕБНИ ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Член 3

Договорните страни ги имаат следните взаемни права и обврски:

- взаемно да разменуваат информации за стручното образование и обука на учениците во ДЗР со почитување на принципите на доверливост и права од интелектуална сопственост на податоците, информациите и материјалите со кои ќе располагаат учениците за време на обуката;
- взаемно да ги утврдат конкретните теми на обука кои училиштето ќе преземе активности да ги вгради во образовни документи – наставни програми од обласста на стручното образованиеа за потребите на обуката на учениците во ДЗР;
- взаемно да се консултираатпо прашања во врска со јавно презентирање на информации за реализација на обуката на учениците во ДЗР, и
- го финансираат извршувањето на правата и обврските кои произлегуваат од одредбите од овој Договор на начин што секоја од договорните страни дејствува во рамките на буџетските средства кои се определени со Буџетот на Република Северна Македонија во тековната година.

## ПОСЕБНИ ПРАВА И ОБВРСКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Член 4

Училиштето ги има следните посебни права и обврски:

- да има склучено договор сосекој родител/старател и ученикот за изведување на практична обука на ученикот во ДЗР вклучително и да му обезбеди соодветна осигурителна полиса на ученикот;
- да му достави на ДЗР преглед на ученици со кои се склучени договори за изведување на практична обука;
- да ја планира временската динамика и организира реализацијата на практичната обука во соработка ина начин кој ќе биде прифатен односно одобренод ДЗР согласно роковите за извршување на ревизиите и другите планирани активности со Годишната програма за работа на ДЗР;
- презема почетна подготовка на учениците за реализирање на практична обука воДЗР;
- иницира координативни состаноци со одговорните лица во ДЗР за определување на темите и начинот на изведување на практичната обука;
- обезбедува од ДЗР потврда за успешно завршена обука за учениците кои успешно ја завршиле истата.

## ПОСЕБНИ ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДЗР

Член5

Државниот завод за ревизија ги има следните посебни права и обврски:

- пред да овозможи практична обука на ученикотво ДЗР да обезбеди преглед и известување од Училиштето дека за учениците кои ќе бидат определени да посетуваат практична обука во ДЗР претходно Училиштето имасклучено договор за посетување на практична обука со нивниот родител/ старатели обезбедено осигурување;

- да обезбеди кадровски, просторни и организациски услови за реализација на практична обука во ДЗР;
- учествува во подготовка на темите и начинот на изведување на практичната обука во временски интервали кои нема да влијаат на реализацијата на тековната годишна програма за работа на Државниот завод за ревизија;
- издава потврда за успешно завршена практична обука односно за извршени активности во рамки на обуката за секој ученикkој учествувал и извршувал работи кои биле предвидени согласно целите за практичната обука од наставните програми, и
- определува едно или повеќе одговорни лице како ментори задолжени за работа, следење и документирање на активностите за обучување кои ги извршува ученикот.

**ЗАШТИТА НА ДОВЕРЛИВИ ИНФОРМАЦИИ**

Член 6

Договорните страни за време на траењето на овој договор се должни да постапуваат согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за класифицирани информации во секој случај на пристап до информации кои се предмет на уредување со наведените закони.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 7

Овој Договор ќе стапи на сила со денот на неговото потпишување од страна на договорните страни и ќе важидо завршување на практичните обуки, но не подоцна од 31.01.2022 година, освен во случај кога со склучување Анекс договорните страни ќе го продолжат временското траење на Договорот.

Член 8

Секоја страна може да го раскине овој Договор со претходно писмено известување до другата договорна страна.

Член 9

Во случај на настанување на спор кој страните неможат да го решат спогодбено и во духот на меѓусебна соработка и разбирање, за надлежен се определува Граѓанскиот Суд во Скопје.

Член 10

Овој Договорот е подготвен на македонски јазик и неговото кирилско писмо, и составен ево четири (4) еднакви примероци, од кои по два (2) за секоја договорна страна.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

| | |
|---|---|
| **СЕПУГС „Арсени Јовков“ Скопје** | **Државен завод за ревизија** |
| ______________________ | ______________________ |